Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04……163/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 67/22 год.), и Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Гевгелија Сл. гласник на О.Гевгелија 19/17 и 9/23, Комисијата за распределба на линии во општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија, распишува

# О Б Ј А В А

## за прибирање на понуди за распределба на линии за превоз на патници на територијата на општина Гевгелија за следните линии

| Р.бр. | Број и име на линијата | Траса на линијата | Автобуски стојалишта на линијата |
|---|---|---|---|
| 1 | Гевгелија-Негорци-Кованец | Автобуска станица,ул. "С.М. Данко", ул. "7-ми Ноември", Мрзенци, Негорски Бањи, Негорци, Кованец | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко" - болница, ул. "7-ми Ноември", Мрзенци-кафана Јавор, Негорски бањи-дирекција, Негорци, Кованец |
| 2 | Гевгелија-Прдејци | Автобуска станица,ул."С.М.Данко", ул. "7-ми Ноември, Мрзенци, Негорски Бањи, Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Прдејци | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко"-болница, ул. "7-ми Ноември алатница, Мрзенци-кафана Јавор, Негорски бањи-дирекција, Негорци, ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Прдејци |
| 3 | Гевгелија-Миравци-Петрово | Автобуска станица,ул."С.М.Данко", бул."Гевгелија", Смоквица, Милетково, Давидово, Миравци, Петрово | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко"-болница, Булевар Гевгелија-алатница, Смоквица, Милетково, Давидово, Миравци, Петрово |
| 4 | Гевгелија-Богородица | Автобуска станица, ул."С.М.Данко", Булевар "Гевгелија", Богородица | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко"-болница, Булевар "Гевгелија"-алатница, Богородица |
| 5 | Гевгелија-Моин - Ново Конско | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко", Булевар Гевгелија, ул. "Деко Ковачев", ул. "Петар Мусев", ул. "Маршал Тито", Моин, Ново Конско | Автобуска станица, ул. "С.М.Данко", Булевар Гевгелија, ул. "Деко Ковачев", ул. "Петар Мусев", ул."Маршал Тито", Моин, Ново Конско |

**ЗАБЕЛЕШКА:** Превозот од населеното место Миравци до населеното место Петрово и обратно ќе се одвива со лиценцирано комби возило со минимум (8+1) седишта , поради лошата патна инфраструктура и најмалку еднаш неделно.

Заинтересираните превозници, понудите да ги достават до Општина Гевгелија, ул. „Димитар Влахов“ бр 4 Гевгелија, во рок од 7 (седум) дена од денот на објавувањето на објавата,(заклучно со 24.08.2023 година) во затворен плик препорачано по пошта до **Комисија за спроведување на постапка за доделување на линии за вршење на линиски превоз на патници** и со потврден прием во архивата на Општина Гевгелија со

ознака „Понуда за распределба на линиски превоз на патници за територијата на општина Гевгелија“, во затворен внатрешен плик на кој во левиот агол стои “Не отворај“.

Понудата за распределба на општински линиски превоз на патници потребно е да ги содржи следните податоци:

-Потврда за платени даноци, такси и надоместоци кон Општина Гевгелија,
-Линијата т.е линиите за кои се бара распределба;
-Минимум 2 (две) возила со лиценца за секоја понудена линија,
-Понудена цена за превозот;
-Предлог возен ред со временски термини за поаѓање од почетно стојалиште, за секоја линија за која се бара распределба;
-Фотокопија од Решение за упис во централен регистар во кое ќе има регистрирана претежна дејност - Вршење на превоз на патници во патниот сообраќај, не постаро од 60 дена;
-Фотокопија од Потврда за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на општински линиски превоз на патници;
-Фотокопии од сообраќајните дозволи за секое возило одделно или Договор за лизинг со сообраќајните дозволи за возилата што ги користи по договор за лизинг од овластен дистрибутер (заверени кај нотар);
-Список на вработени возачи во редовен работен однос со фоткопие на обрасците М1 и М2;
-Копија од Лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Гевгелија
-Копија од Извод од лиценца за сите возила со којшто се планира да се врши превозот; **(за секое возило посебно, издадена до денот на објавувањето на објавата),**
-Потврда од надлежен суд дека не е во сила правосилна судска одлука за сторено кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во сообраќајот, не постара од 60 дена;
-Потврда од надлежен суд дека не е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на дејност, не постара од 60 дена;
Истата треба да биде потпишана и заверена од законскиот застапник на превозникот.

**Критериуми за доделување на дозвола за општински линиски превоз:**
**"Цена и просечна старост на возилата понудени за линиски превоз"**

**-Цена за понудената линија – треба да биде дадена за секоја појдовна точка, а за сите точки ќе се пресмета просечна цена.**

| | |
|---|---|
| Најниска понудена цена | 60 бода, |
| Второрангирана понудена цена | 45 бода, |
| Треторангирана понудена цена | 30 бода, |
| Четврторангирана понудена цена | 15 бода, |
| Петторангирана понудена цена | 5 бода. |

**-Просечна старосна структура на возилата со кој ќе се врши линиски превоз;**

| | |
|---|---|
| Понудувачот со подобра просечна старост | 40 бода, |
| Второрангиран понудувач | 30 бода, |
| Треторангиран понудувач | 20 бода, |
| Четврторангиран понудувач | 10 бода, |
| Петторангиран понудувач | 5 бода. |

-**Во случај на ист број вкупно бодови предност има превозникот кој има прв поднесено пријава во архивата на општина Гевгелија.**

Понудите кои не се поднесени во предвидениот рок и кои не ги содржат комплетно бараните податоци (докази) од Објавата, нема да бидат разгледувани.

Отворањето на понудите ќе се изврши на ден 25.08.2023 година, во 14 часот во просториите на Општина Гевгелија, во присуство на понудувачите.

Опслужувањето на линиите се врши исклучиво согласно Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Гевгелија.

.

**Бр.08-1217/3**
**17.08.2023 година**
**Гевгелија**

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Комисија за спроведување на постапка за доделување на линии за вршење на линиски превоз на патници**